# ПОЛИТИКА ЗА БОРБА ПРОТИВ РОПСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ



Registered in England and Wales No: 1377658
Registered Office: 350 Euston Road, London, NW1 3AX

| Effective Date | Author | Owner | Approved |
|---|---|---|---|
| June 2016 | Anne Steele | Miles Roberts | 22 June 2016 |
| | | | |



Registered in England and Wales No: 1377658
Registered Office: 350 Euston Road, London, NW1 3AX

# ПОЛИТИКА ЗА БОРБА ПРОТИВ РОПСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

Како Групација, DS Smith одржува односи со повеќе различни организации во својот supply chain, а и директно вработува голем број луѓе. DS Smith има пристап на нула толеранција кон современото ропство и во рамки на Групацијата и во рамки на својот supply chain. Ги разгледавме нашите постоечки процеси за усогласување и управување со ризик по воведувањето на Законот за современо ропство од 2015 год. за да се утврди до која мера веќе постојат мерки, како и тоа кои понатамошни мерки се потребни за да се спречи ропство и трговија со луѓе во кој било сегмент од нашите деловни активности или во нашите supply chains. Политиката, наведена подолу, го поткрепува нашиот пристап и ќе се користи при изготвувањето на нашата годишна Изјава за ропство и трговија со луѓе.

Нашиот Кодекс на однесување наведува дека DS Smith ги почитува основните човекови права и се обврзува да ги почитува начелата утврдени во Универзалната декларација за човекови права на Обединетите нации. Ја поддржуваме и ја почитуваме заштитата на човековите права во својот делокруг на влијание; особено, ефективното елиминирање на задолжителниот труд и на детскиот труд. Кодексот на однесување ги уредува сите наши деловни активности и однесувањето на сите лица или организации со кои договараме директно или лица кои се именувани да делуваат во наша корист.

Овој Кодекс на однесување важи за сите фирми и вработени во групацијата DS Smith. Во DS Smith очекуваме исти стандарди на однесување од сите лица коишто дејствуваат во наше име, како што се добавувачите и партнерите.

Посветени сме да се спротивставиме на современото ропство во сите негови форми и да го спречиме со сите средства со кои можеме. Го бараме истиот став од сите кои работат за нас и го очекуваме тоа од сите со кои имаме воспоставено деловна соработка. Нашиот став кон современото ропство е: нула толеранција.

Miles Roberts
Group Chief Executive
јуни 2016 година



Registered in England and Wales No: 1377658
Registered Office: 350 Euston Road, London, NW1 3AX

# ПОЛИТИКА ЗА БОРБА ПРОТИВ РОПСТВО И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

## 1. ЦЕЛ НА ОВАА ПОЛИТИКА

1.1. Современото ропство е кривично дело според Законот за современо ропство од 2015 год. („Закон”). Современото ропство може да се јави во различни форми, вклучително и потчинетост, принудна или задолжителна работа и трговија со луѓе, а заедничко за сите е тоа што се лишува од слобода едно лице од страна на друго лице со цел да се искористи за лична или комерцијална добивка. Овој документ ја утврдува политиката на DS Smith („Групацијата“) и има за цел да се спречат можностите за појава на современото ропство во рамки на нејзините деловни активности или supply chain. Употребата на терминот „современо ропство‟ во оваа политика го има значењето наведено во Законот.

1.2. Како Групација, имаме пристап на нула толеранција кон модерното ропство. Се обврзуваме да работиме етички и со интегритет во сите свои деловни активности и односи и да спроведуваме и применуваме ефективни системи и контроли за да се обезбеди дека нема да се појави современо ропство ниту во нашите сопствени деловни активности ниту во оние на нашите добавувачи.

## 2. ЧЕКОРИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА СОВРЕМЕНОТО РОПСТВО

2.1 Се обврзуваме да гарантираме дека постои транспарентност во нашите сопствени деловни активности и во нашиот пристап кон справувањето со современото ропство низ сите наши supply chains, во согласност со нашите обврски за информирање од Законот за современо ропство од 2015 год. Очекуваме исти високи стандарди од сите наши изведувачи, добавувачи и други деловни партнери, а ги развиваме и ги модернизираме нашите процеси на договарање со цел да се вклучат посебни забрани против употребата на принудна, присилна или тргувана работна сила или кое било лице држено во ропство или потчинетост без оглед дали се работи за возрасни лица или деца. Бараме нашите добавувачи да очекуваат од своите добавувачи да се придржуваат до истите високи стандарди.

2.2 Додека признаваме дека наша законска обврска е да се утврдат чекорите што ги преземаме за да се гарантира дека нема современо ропство и трговија со луѓе во нашите supply chains, ние признаваме дека не го контролираме однесувањето на поединци и организации во нашите supply chains. За да се поддржи нашата согласност со практични чекори, имаме намера да ги спроведеме следниве мерки:

a) да се спроведат проценки на ризик за да се одреди во кои делови од нашата деловна активност и кај кои од нашите добавувачи постои најголем ризик од современо ропство така што може да се вложат поголеми напори на тие полиња;


Registered in England and Wales No: 1377658
Registered Office: 350 Euston Road, London, NW1 3AX

b) да се соработува со нашите добавувачи и за да се запознаат со нашата Политика за борба против ропство и трговија со луѓе и за да се запознаеме со мерките што ги преземаат за да се обезбеди дека нема современо ропство во нивните деловни активности и нивниот supply chains;

c) да се воведе претходна проверка на добавувач (на пример како дел од тендерска постапка) и само-известување за заштитните контролни мерки од страна на нашите добавувачи;

d) да се воведат договорни одредби за нашите добавувачи да потврдат дека се придржуваат до оваа политика и да го прифатат нашето право на ревизија на нивните активности и (каде што е изводливо) односи како рутински така и во периоди на основано сомневање.

## 3. ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОЛИТИКАТА

3.1 Крајната одговорност за спречување на современото ропство паѓа на товар на раководството на Групацијата. Одборот на директори на DS Smith Plc има целосна одговорност да обезбеди дека оваа политика и нејзиното спроведување се во согласност со нашите законски и етички обврски.

3.2 Раководителите на сите нивоа се одговорни да обезбедат дека оние за коишто им се претпоставени:

- ја разбираат и ја почитуваат оваа политика; и
- добиваат соодветна и редовна обука за неа и за прашањето за современото ропство.

## 4. ДЕЈСТВА ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ СОВРЕМЕНО РОПСТВО ИЛИ ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ

4.1 Внатрешни

Вработените се охрабруваат да покренат какви било прашања во врска со сомнително современо ропство поврзано со Групацијата или со нашите добавувачи или преку својот претпоставен или со помош на „Speak Up!“ (детали може да се најдат на Plexus).

4.2 Надворешни

Јавноста или луѓето коишто не се вработени во Групацијата да пишуваат, во доверба, до Генералниот секретар на групацијата (или преку електронска пошта: AskCoSec@dssmith.com или на регистрираната адреса) за да изразат загриженост, да покренат прашање или да изразат сомнеж за постоење на современо ропство во кој било дел на нашето деловно работење или во некој сроден supply chain.

4.3 Наша цел е да поттикнеме отвореност и ќе го поддржиме секој кој покренува вистински прашања со добра вера според оваа политика, дури и ако тие се покажат погрешни. Ние сме посветени да гарантираме дека никој нема да подлежи на каков било штетен третман како резултат на пријавување во добра вера сомневање дека современото ропство во која било форма е или може да се појави во кој било дел од нашето деловно работење или во кој било наш supply chain.

Штетниот третман вклучува отпуштање од работа, дисциплинска постапка, закани или друг неповолен третман поврзан со покренување прашање.

4.4 Групацијата ќе ги прифати и ќе ги разгледа сериозно прашањата коишто се доставуваат анонимно.

Сепак, задржувањето на анонимностаа ги отежнува истрагите и докажувањето и може да го направи процесот помалку ефективен.

Затоа, поединците се охрабруваат да ги наведат своите имиња во пријавите.

## 5. ПОВРЕДИ НА ОВАА ПОЛИТИКА

5.1 Ако се утврди проблем кај некој добавувач, ќе работиме со нив за да се подготви акциски план за корективни мерки и да се решат сите прекршоци во рамки на договорен временски период.

5.2 Ние го задржуваме правото да го прекинеме односот со поединци и организации во нашиот supply chain доколку тие ја прекршат оваа политика.

## 6. КОМУНИКАЦИЈА И ПОДИГАЊЕ СВЕСТ ЗА ОВАА ПОЛИТИКА

6.1 Нашиот пристап на нула толеранција кон современото ропство мора да им биде пренесен на сите добавувачи, изведувачи и деловни партнери на самиот почеток на нашиот деловен однос со нив и да се зајакне како што е соодветно потоа.

## 7. РЕВИДИРАЊЕ

7.1 По првичното нејзино донесување, оваа Политика за борба против ропство и трговија со луѓе ќе биде ревидирана од страна на Одборот на директори на групацијата на редовна основа (најмалку еднаш годишно) и може да се менува од време на време. Оваа Политика ќе се користи за изготвување на нашата Изјава за ропство и трговија со луѓе којашто ќе се објавува на годишно ниво.


Registered in England and Wales No: 1377658
Registered Office: 350 Euston Road, London, NW1 3AX